Врз основа на член 19 став (1) точка 20) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021), а во врска со член 24 став (1) точка 4) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), Собранието на ИОРРСМ на предлог на Управниот одбор, на седницата одржана на 01.04.2025 година, усвои

# Годишен извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за 2024 година

## Содржина


I. Резиме

II. Активности на телата на ИОРРСМ

- Собрание
- Управен одбор
- Надзорен одбор
- Комисии на ИОРРСМ

III. Управни и други судски спорови

IV. Финансиски информации

IV. Анализа на реализирање на активностите од Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2023 година


## I. Резиме

Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) спроведува активности согласно надлежностите уредени со Законот за ревизија, Статутот и актите на ИОРРСМ.

ИОРРСМ ги објави во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 273/2024 **Меѓународните стандарди за ревизија и другите релевантни објави на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC) и Меѓународен кодекс за етика за професионалните сметководители од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC)**. Објавени се следните изданија:

- Прирачник на Меѓународниот Кодекс за етика за професионалните сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) – *Издание 2023 година, со примена за ревизија на финансиски извештаи за финансиски периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, односно како што е подетално уредено со самата објава*

- Прирачник за објави за меѓународно управување со квалитет, ревизија, проверка, други ангажмани на уверување и поврзани услуги -ДЕЛ I и II - *Издание 2022 година, со примена за ревизија на финансиски извештаи за финансиски периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, односно како што е подетално уредено со самата објава.*

Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во 2024 година спроведе он-лајн и комбинирани настани за **Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластените ревизори**. Во рамките на Годишната програма за КПУ за 2024 година беа спроведени: (1) осум (8) настани за КПУ или вкупно 52 КПУ часа, (2) 46 КПУ часа беа повторно понудени да се проследат преку

посебниот модул за електронско следење на КПУ поставен на веб страната на ИОРРСМ за членовите на ИОРРСМ кои немале можност да го проследат настанот при првичното спроведување, (3) меѓународна конференција за која што се признаваа 12 КПУ часа, (4) годишно е-КПУ од вкупно 8 КПУ часа, како и (5) интерактивна е -обука од вкупно 8 КПУ часа, за да им се овозможи на овластените ревизори да ја исполнат законската обврска да посетуваат најмалку 120 часа за период од три години, односно најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување од областа на сметководството и ревизијата, согласно член 28 од Законот за ревизија.

За одржување на предавања на темите предвидени во Годишната програма за КПУ за 2024 година беа поканети и изразија интерес предавачи: овластени ревизори, претставници на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, членови на комисиите на ИОРРСМ, како и домашни и странски предавачи со други меѓународни сертификати. Вкупно беа опфатени 26 различни теми на овие настани за КПУ одржани во 2024 година. Предавањата се однесуваа на (а) континуирано професионално образование (меѓународни сметководствени стандарди, меѓународни стандарди за финансиско известување, меѓународни стандарди за ревизија, законска и даночна регулатива, кодекс на етика, известување за одржливост, теми од осигурителната дејност, меѓународни стандарди за спречување перење пари и финансирање на тероризам и друго), и (б) континуирано професионално усовршување (актуелни теми).

Во 2024 година, во организација на ИОРРСМ и Здружението на внатрешни ревизори на РСМ (ЗВРСМ) беше одржана заедничка **годишна меѓународна конференција** со наслов *Ревизија: Иднината е сега (Audit: The future is now)*, во хотел Дрим, Струга. За присуство на конференцијата се признаваа 12 КПУ часа за овластените ревизори и внатрешните ревизори.

Спроведувањето на **контрола на квалитетот на ревизорските услуги** согласно Годишниот план за 2023/2024 и 2024/2025 година се одвиваше редовно. Методологијата за организација и спроведување на проверка за контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци е објавена на веб страната на ИОРРСМ, во делот со авторизиран пристап само за членовите на ИОРРСМ. Контролата на квалитет ја спроведуваше еден вработен контролор на квалитет и се одвиваа активности за изнаоѓање на втор контролор.



ИОРРСМ во 2024 година спроведе три сесии за полагање на **испитот за стекнување на звањето ревизор,** во јуни/јули 2024 година, септември/ октомври 2024 година (вонредна испитна сесија) и декември 2024 година. Во 2024 година, ниту еден кандидати не се стекнаа со уверение за ревизор.

Во 2024 година, ИОРРСМ водеше постапки за **признавање на квалификација за ревизор стекната во странство,** во согласност со *Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат уверение за ревизор стекнато во странство*. Во 2024 година ниту еден баратал не ја заврши постапката.



На 04 март 2024 година, во просториите на Економски факултет - Скопје беше одржан состанок во организација на ИОРРСМ со наслов **Форум на фирми 2024**, како поширок состанок на кој што учествуваа претставници на друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци.

На форумот беа дискутирани темите:

(1) контрола на квалитет – актуелни прашања, (2) ревизорска алатка и други поврзани прашања, ревидирање на Тарифникот во поглед на членарина на овластени ревизори и друштва за ревизија/

овластени ревизори – трговци поединци, а со цел овозможување на реализација на планираните стратешки активности, (3) МСР и Кодекс на етика - континуирано преведување и објавување, (4) КПУ - проширување на понудата и промена на форматот за одржување на КПУ настани, (5) зголемување на интерес за влез во професијата - воведување на новини во делот на спроведување на испитот (поголем број на сесии, ограничен број на бесплатни обуки, отворен ден за кандидатите и слично). На форумот исто така беа дискутирани и други актуелни прашања кои се непосредно поврзани со ревизорската професија и директно задираат во секојдневното работење на друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци.




На 26.09.2024 година, беше одбележан **Денот на ревизорот (#auditorproud day)**. Денот на ревизорот е настан кој што се одбележува последниот четврток во септември секоја година ширум светот. На настанот присуствиуваа членовите на ИОРРСМ, претасвници на Министерство за финансии и СУНРРСМ, како и други соработници.

**Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштва за ревизија, Регистарот на овластени ревизори – трговци поединци, и Регистарот на трајно одземени лиценци**, објавени на веб страната на ИОРРСМ, се усогласени со член 30 од Законот за ревизија и се ажурираат согласно доставените Изјави за ажурирање на податоци од страна на членовите на ИОРРСМ.

Во 2024 година беа зачленети следните:

- 2 овластени ревизори: Теодора Оханесјан и Симона Дрндаревска.
- 1 овластен ревизор – трговец поединец
  - Трговец поединец за ревизија и сметководствени улуги РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР Скопје

Во 2024 година им престана членството на следните:

- 6 овластени ревизори: Виолета Лешкоска, Силвана Марковска, Шика Чурлинова, Ката Андоновска, Наташа Боцевска Линин и Александра Милевска.

## *Сумарни податоци и статистики*

На следните графикони е прикажано: движењето на бројот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци, членови на ИОРРСМ за периодот од 2019 до 2024 година; распределба на членови – вработени во друштва за ревизија и кај овластени ревизори – трговци поединци наспроти вработени во реален сектор; процентуално учество на мажи и жени во вкупниот број на членови на ИОРРСМ на 31.12.2024; и старосна структура на членовите на ИОРРСМ на 31.12.2024 година:



























На следните графикони е прикажано движењето на приходите од услуги на ревизија и услуги поврзани со ревизија наспроти приходи од неревизорски услуги за периодот 2018 - 2023 година, и вкупен број на вработени кај друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци за периодот 2019 – 2024 година:






## *Меѓународна соработка*

### *IFAC*[1]

Во 2024 година, ИОРРСМ како полноправна членка на IFAC, имаше комуникација со одговорните лица во IFAC и како редовни дискусии за известување на годишно ниво, за разгледување на напредокот и евентуални измени на регулативата или други околности.

Акцискиот план и оценките на IFAC (Dashboard Report - DBR) се објавени на веб страницата на IFAC (*линк* North Macedonia jurisdictional profile; ICARNM organizational profile).



На 6 и 7 ноември 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски присуствуваше на седница на собранието на IFAC во Париз, Франција, на кое што беше избран нов претседател на IFAC, г. Jean Bouquot. Покрај официјалниот дел на седницата на собранието, настанот беше продолжен со панел дискусии и презентации од предавачи на теми поврзани со професијата, вештачката интелигенција, известувањето и стандардите за одржливост, како и излагања на Jean-Claude Trichet, поранешен претседател на Европската Централна Банка. На овој настан беа остварени средби со голем број претставници од земјите кои беа претставувани на ова собрание.

Во 2024 година, IFAC организираше повеќе настани/вебинари за своите членови, а претсавници на ИОРРСМ присуствуваа на следните:

- На 07 февруари 2024 година, во организација на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (IESBA), преку видео конференциска врска беше одржан интерактивен глобален вебинар на кој што присуствуваше Бранка Стојановска, контролор на квалитет во ИОРРСМ. Целта на глобалниот вебинар беше презентација на нацртот на *IESSA International Ethics Standards for Sustainability Assurance (including International Independence standards)*. Вебинарот обезбеди корисни информации и вредни согледувања од аспект на сите засегнати страни, вклучително регулаторни тела, лица кои што ги применуваат стандардите во работењето, инвеститори и други вклучени страни.
- На 03 и 18 април 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и Бранка Стојановска, контролор на квалитет во ИОРРСМ, присуствуваа на серија он-лајн настани на тема *Roadmaps to using the IAASB's ISA for LCE in Europe*, во организација на IFAC.
- На 21 мај 2024 година, генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска проследи он-лајн настан на тема *Embedding Sustainability into Initial Accountancy Training* во организација на IFAC. Настанот беше корисен за информации во поглед на потребите од идно ажурирање на програмата за испитот.
- На 16 септември, Генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска преку видео конференциска врска присуствуваше на 2024 IFAC Virtual Chief Executives Forum во организација на IFAC. Настанот се состоеше од излагања во контекст на активностите на зближување помеѓу различни членки на IFAC, како и споделување на заеднички искуства. Дополнително на настанот беше дискутирана професионалната одговорност од штета на сметководствената/

[1] International Federation of Accountants.

ревизорската професија и заштитата на клиентите, како и споделување на искуства од повеќе законодавства.

- На 17 октомври 2024 година, контролорот на квалитет на ИОРРСМ, Бранка Стојановска, присуствуваше на он-лајн настан, вебинар, организиран од IFAC, Pan African Federation of Accountants (PAFA) и Federation internationale des Experts Comptables et Commisaires aux comptes Francophones (FIDEF) во соработка со International Auditing and Assurance Standards Board (IAASB). На вебинарот беа дискутирани новите меѓународни стандарди за ревизија на помалку комплексни ентитети (ISA for LCE) и начинот на кој што некои јурисдикции во Африка планираат да ги прифатат и применат.

## CFRR[2]

На 12 и 21 февруари 2024 година, на барање на CFRR/Светска банка беше одржан работен состанок за подготовка на *2024 Report on the Observance of Standards and Codes Accounting and Auditing (ROSC AA)*, на кој што присуствуваа Генералниот секретар на ИОРРСМ и претставници на CFRR/Светска банка.

На 27.02.2024 година, во просториите на ИОРРСМ беше одржан состанок за *2024 Report on the Observance of Standards and Codes Accounting and Auditing (ROSC AA)„* (ROSC Извештајот) во рамки на најавената мисија на тимот на World Bank REPARIS Accounting and Auditing Report on the Observance of Standards and Codes. На состанокот присуствуваа: претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, претставници на Управниот одбор на ИОРРСМ - Драган Давитков, Владимир Соколовски, Срѓан Ранѓеловиќ, Јане Иванов, Љубица Јоанидис, генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска, Бранка Стојановска, контролор на квалитет во ИОРРСМ и претставник на стручната служба на ИОРРСМ. Беа дискутирани и разјаснувани одредени прашања, теми и предизвици во врска со системот за спроведување контрола на квалитет, процесот на усвојување, превод, и следење на примената на МСР и Кодексот на етика, надлежности, мониториг и спроведување на дисциплинска постапка врз чинителите во ревизорската професија и други актуелни прашања од интерес за ревизорската професија. Претставниците на тимот на World Bank REPARIS Accounting and Auditing Report on the Observance of Standards and Codes, изразија задоволство од постигнатите резултати на ИОРРСМ во текот на своето работење, како и за планираните идни развојни активности.

На 28 и 29 мај 2024, Претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски, прсуствуваше на настан *Responding to New Requirements and Challenges in Corporate Financial and Sustainability Reporting* во Виена, Австрија. Настанот беше организиран како дел од проектот *REPARIS*[3] *for SMEs in Western Balkans за* Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. На настанот беше овозможено учесниците да имаат интеракција со експерти и да добијат продлабочени познавања на различни теми поврзани со корпоративна одржливост и финансиско известување, јавен надзор и ревизија.

На 22 и 23 октомври 2024 година, на покана од страна на Центарот за реформи во финансиското известување (CFRR)/Светска банка, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, заедно со Бранка Стојановска, контролор на квалитет на ИОРРСМ присуствуваа на третиот "Форум на јавните тела за надзор" во Букурешт, Романија со наслов "Improving Audit Quality through Cooperation". На настанот имаше претставници од 11 земји учеснички, а главните цели беа размена на практично искуство на јавните тела за надзор и професионалните организации помеѓу одделните земји, како и теми од областа на моделите на организација на контролата на квалитет, обврските на професионалното тело, вештачка интелигенција. На овој настан беа остварени контакти со голем дел од претставниците на земјите учеснички при што беа разменети искуства за клучните прашања поврзани со начинот на организирање на контролата на квалитет, значајни аспекти кои го опфаќаат процесот на контрола на квалитет и

---

[2] Centre for Financial Reporting Reform (CFRR)
[3] Road to Europe: Programme of Accounting Reform and Institutional Strengthening

сл. Исто така Бранка Стојановска, контролор на квалитет на ИОРРСМ го презентираше начинот на функционирање на контролата на квалитет во Македонија, и наведе некои од клучните наоди идентификувани при извршените контроли во текот на претходниот период.

На 13 ноември 2024 година, во просториите на ИОРРСМ, беше одржан состанок на кој што присуствуваа претставници на ИОРРСМ: претседателот Ненад Тортевски, генерален секретар Татјана Тодоровска, претставник на стручната служба Калина Велковска и консултантни на Светска банка Garrik Sergeyan, Jose Simon Rezik, Arun Manuja и проф. д-р Атанаско Атанасовски. На состанокот беше презентирана програмата EAASURE (Institutional Capacity Building Component) и претстојните активности планирани за 2025 година во рамки на проектот за градење на капацитети на професионалните тела. Беше дискутирано за разгледување на можноста за воспоставување на заедничка програма за испитот со ИСОС за стекнување на звање сметководител, овластен сметководител, ревизор и овластен ревизор како последователни чекори, за што би требало да се изработи национална програма за таа намена. Меѓудругото, ИОРРСМ ја презентираше потребата за поддршка за обука за новите ревизорски стандарди за сите овластени ревизори, членови на ИОРРСМ, за ажурирање на материјалите за кандидатите за испитот, спроведување на обука и подготовка на туториали, како и други поврзани активности.

### ***ACCA[4]***

Програмата за полагање на испит за стекнување звање ревизор на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) е акредитирана од страна на Асоцијацијата за лиценцирани сметководители (ACCA – Association of Chartered Certified Accountants) и истата се однесува на периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2027 година.




Кандидатите кои ќе се стекнат со уверение за ревизор издадено од ИОРРСМ стекнуваат право на признавање на осум (8) од вкупно тринаесет (13) предмети од програмата за професионална квалификација на ACCA.

Во периодот јануари – март 2024 година, ИОРРСМ склучи договор со ACCA, со кој што на членовите на ИОРРСМ им се даде можност да се запишат за полагање на испитите на ACCA, со промотивни финансиски услови кои важат до 31 март 2024 година. Оваа можност важи само за запишување на нови кандидати (членови на ИОРРСМ) за полагање на испитите на ACCA.

[4] Association of Chartered Certified Accountants

## *Соработка со Министерство за финансии на Република Северна Македонија*

Управниот одбор на ИОРРСМ ја продолжи комуникацијата со Министерството за финансии, со барање да се најде соодветно решение во врска со член 19 став 9 од Законот за ревизија, според кој што ИОРРСМ е надлежен за објавување на Меѓународните стандарди за ревизија и Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители во Службен весник на Република Северна Македонија, додека Миниситерството за финансии треба да ја укине претходната објава во Службен весниук на РМ број 79/2010.

Во октомври 2024 година, ИОРРСМ го заврши ажурирањето на преводот на МСР, другите релевантни објави на IFAC и Кодексот на етика, кој што беше одобрен од IFAC, односно следните:

1. Меѓународни стандарди за ревизија и други релевантни објави на IFAC (2018 Handbook of International Quality Control, Auditing, Review, Other Assurance, and Related Services Pronouncements, издадени од страна на IFAC во декември 2018 година, од англиски на македонски јазик, како и
2. Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители (Handbook of the International Code of Ethics for Professional Accountants (including International Independence Standards) – 2020 Edition), издаден на англиски јазик од страна на IFAC, во декември 2020 година,

кои што беа објавени на веб страницата на ИОРРСМ, во посебниот дел за членовите, како неофицијален текст за нивно навремено запознавање. Воедно, ИОРРСМ го извести Министерството за финансии дека треба да се преземат заеднички активности за координирање на објавата во Службен весник на РСМ.

На 30.12.2024 година, ИОРРСМ во Службен весник бр. 273 на Република Северна Македонија ги објави Меѓународните стандарди за ревизија и другите релевантни објави на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC) и Меѓународен кодекс за етика за професионалните сметководители од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC), а Министерството за финансии објави Објава за престанување на важење на претходната објава.

На 15 февруари 2024 година, Претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и Генералниот секретар на ИОРРСМ, присуствуваа на состанок во Министерството за финансии на РСМ. На состанокот беше водена дискусија за преводот и објавувањето на МСР и Кодексот на етика, статусот на предлог Законот за ревизија како и други актуелни прашања од интерес за ревизорската професија.

На 23 мај 2024 година, во просториите на ИОРРСМ беше одржан состанок помеѓу претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска и Љубица Јоанидис, член на Управниот одбор на ИОРРСМ, и консултант во рамки на проектот *Зајакнување на внатрешниот пазар* финансиран од ЕУ со своите партнери Министерството за економија и Министерството за финансии, а за потребите на изготвување на *Анализа за проценка на потребите за обуки на засегнатите страни за новините во Законот за ревизија и потребата од обуки за меки вештини*. Меѓудругото, на состанокот беше дискутирана и потребата да се подобри постапка за носење на Законот за ревизија, со вклучување на професијата.

## Соработка со Совет за унапредување и надзор на ревизија на Република Северна Македонија (СУНРРСМ)

Во 2024 година, СУНРРСМ даде согласност на следните акти на ИОРРСМ:

- ✓ Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2024 година.
- ✓ Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за периодот 2024 – 2026 година.
- ✓ Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2023 година.
- ✓ Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет за 2023/2024 година.
- ✓ Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2025 година.
- ✓ Одлука за измена и дополнување на Правилникот за вршење на периодична контрола на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци.
- ✓ Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРСМ.

ИОРРСМ достави материјали и информации до СУНРРСМ согласно утврдениот модел за известување и размена на информации и податоци помеѓу ИОРРСМ и СУНРРСМ, како и согласно одредбите на Законот за ревизија, а во однос на спроведување на контрола на квалитетот, како и преостанатите активности на ИОРРСМ. Во текот на годината се одржуваа состаноци за дискусија за тековни и актуелни теми.

На 14 февруари 2024 година, во просториите на СУНРРСМ беше одржан работен состанок помеѓу претставници на Економскиот сектор на Амбасадата на САД во Скопје, член на Управниот одбор на ИОРРСМ назначен за координатор за соработка, Љубица Јоанидис и претставници на СУНРРСМ.

На 22 април 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска, на покана на претседателот на СУНРРСМ присуствуваа на состанок со членовите на СУНРРСМ во нивните простории. На состанокот беа дискутирани акти доставени од страна на ИОРРСМ за добивање на согласност од СУНРРСМ.

Во 2024 година, претставници на СУНРРСМ беа поканети како гости и учествуваа на настаните за КПУ што ги спроведува ИОРРСМ.

Од април 2015 година, Претседателот на СУНРРСМ е назначен за Претседател на Комисијата на ИОРРСМ за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор. Од 09.04.2015 година, назначен претставник на СУНРРСМ, учествува во работата на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги на ИОРРСМ, согласно член 8 став (1) точка 6) од Законот за ревизија.

## Соработка со професионални организации и други институции во Република Северна Македонија

### Соработка со Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС)

На 21 март 2024 година, во просториите на ИОРРСМ беше одржан состанок помеѓу генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска и претседателот на Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС), Весна Прентоска. На состанокот беа дискутирани активности поврзани со планираното зачленување на ИСОС во IFAC.

28.03.2024 година, Претседателот на ИОРРСМ, на покана на Институтот на овластени сметководители на РСМ, присуствуваше на Првата регионална конференција на сметководители и овластени сметководители „Сметководството во регионот – трендови, предизвици, стандарди и перспективи", која што се одржа на 28 март во Скопје во хотелот „Александар Палас". На конференцијата беше дискутирано за трендовите и перспективите на сметководствената професија, патот до членство во IFAC и други теми од интерес на сметководствената професија.

На 21 мај 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска и претседателот на ИСОС, Весна Прентоска, присуствуваа на состанок со претставници на CFRR[5]/Светска банка, на кој што се разгледа предлог за воспоставување на национална рамка за испитот за стекнување звање сметководител, овластен сметководител и ревизор/овластен ревизор.

На 01 октомври 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски, и член на Управниот одбор на ИОРРСМ, Владимир Соколовски, присуствуваа на работен состанок во просториите на Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС). Состанокот беше предложен како собир на релевантните засегнати страни (комори, здруженија и други организации) за дискусија и доставување на коментари по повод објавувањето на преводот на Меѓународните стандарди за финансиско известување кои што Министерството за финансии ги објави на 03.04.2024 година. На состанокот свое обраќање имаше и Претседателот на ИОРРСМ, при што истакна дека воведувањето на објавените МСФИ е од исклучителна важност како за компаниите така и за целокупното функционирање на економијата, но исто така е важно и за инвеститорите кои би добиле подобра слика за економската клима во државата. Исто така беше наведено дека веќе во светски рамки се говори за ESG стандардите, за кои во што поскоро време треба бидат воведени во Македонија.

Во периодот од 12-15 ноември 2024 година во Скопје, беше одржана *Стручна конференција за имплементирање на Меѓународните стандарди за финансиско известување* во организација на ИСОС и Мисијата на Светска банка. Конференцијата беше организирана како Обука за обучувачи, а наменета за лиценцираните правни лица кои вршат обуки за континуирано професионално усовршување за сметководители и овластени сметководители, како и за претставници на државните институции во областа на финансиските организации и академски институции во областа на меѓународото финансиско известување. Како претставници на ИОРРСМ, со физичко присуство учествуваа членовите на Комисијата за образование, обука и публикации: Благица Шорева, Кристина Куновска и Марија Божиновски, додека преку он-лајн пристап присуствуваше контролорот на квалитет на ИОРРСМ, Бранка Стојановска.

## *Соработка со други професионални организации и институции*

Претставник на стручната служба на ИОРРСМ, Калина Велковска, активно учествува во работна група на **Управата за финансиско разузнавање (УФР)** заради спроведување на активности за подготовка на Национална проценка за ризик од перење пари и финансирање на тероризам.




На 16 и 17 септември 2024 година, Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ) и **Здружението на внатрешни ревизори на РСМ (ЗВРСМ)** организираа заедничка годишна конференција со наслов – *Ревизија: Иднината е сега (Audit: The Future is Now)*, во хотел Дрим, Струга. За присуство на конференцијата се признаваа 12 КПУ часа за овластените ревизори и внатрешните ревизори.

[5] World Bank, Centre for Financial Reporting Reform (CFRR)

Првиот ден од конференцијата, со воведен говор го отворија претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и претседателот на ЗВРСМ Билјана Секуловска. На конференцијата учествуваа експерти од земјата и странство (Хрватска, Србија, Шпанија, Обединетото кралство) кои ги споделија своите искуства и најдобри практики од бизнисот во кој што работат на тема иднината на ревизијата. На темата ”Вештачката интелигенција во ревизијата: Подигнување на квалитетот и ефикасноста, предавање имаше овластен ревизор Срѓан Рангеловиќ, член на управниот одбор на ИОРРСМ, а на панел дискусијата учесници беа членови на управниот одбор на ИОРРСМ: Драган Давитков, Огњен Блажевски, задно со останати учесници. На вториот ден на конференцијата беа опфатени теми како: Gen Z – Како да се мотивираат и задржат новите генерации на работа, Самобрендирање на ревизија, Стратегија за внатрешна ревизија според глобалните стандарди, Директива за Корпоративно известување за одржливост (CSRD), од перспектива на ревизорот. Предавањата беа проследени со панел дискусија на тема - ESG “Известување надвор од бројките”, каде што покрај другите учесници, панелист беше и овластените ревизори Данило Јовановиќ членови на ИОРРСМ.









На 26 март 2024 година, беше одржан состанок помеѓу Претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ со претставници на **Центарот за европски интеграции при Институтот за демократија - Социетас Цивилис (ICDS)**, на покана на ICDS. На состанокот беа дадени подетални информации во врска со тековен проект со кој што се помага на Владата на РСМ да воведе механизам во правниот систем и со тоа да се усогласи со ЕУ регулативата. Владата формираше работна група која работи под покровителство на вицепремиерот Битиќи, а со неа раководи претседателот на раб. група Драган Тилев, државен советник во Секретаријатот за европски прашања. Наскоро, групата ќе почне да го изготвува законското решение за кое ICDS како организација инсистира да биде комуницирано со сите релевантни засегнати страни вклучувајќи го и ИОРРСМ.

Од 16-19 мај 2024 година, Калина Велковска, правник, како претставник на стручната служба на ИОРРСМ, присуствуваше на Меѓународна конференција во организација на **Институтот за економско-правни истражувања Јуридика Прима** во Охрид на тема *Предизвиците на правото во 21 век*.

На 21 октомври 2024 година, Генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска и претставник на стручната служба Калина Велковска, преку видео-конференција одржаа запознавачки состанок со претставник на непрофитна организација **Financial Services Volunteer Corps (FSVC)** во врска со имплементација на санкции, од кривично-правната област поврзани со спречување перење пари и финансирање на тероризам, а заради разгледување на можност за учество на проект администриран од страна на FSVC.

На 31 октомври 2024 година, во просториите на ИОРРСМ, беше одржан состанок помеѓу ИОРРСМ, претставуван од членот на Управниот одбор на ИОРРСМ, Владимир Соколовски и претставник на стручната служба, Калина Велковска со советници на **ММФ** за управување со приходи со седиште во Југоисточна европа. Како тема на состанокот беше дискутирана мисијата на ММФ, која има за цел да и помогне на Управата за јавни приходи на Р.С. Македонија да изнајде начин да го преструктуира своето работење. За таа цел тие одржуваат состаноци со релевантни институтиции за да се разберат релациите помеѓу УЈП и другите засегнати страни.

На 31 октомври 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски присуствуваше на прослава по повод одбележување на светскиот ден на штедењето, организиран од **Македонската Банкарска Асоцијација**.

На 26 ноември 2024 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и претставници на стручната служба на ИОРРСМ, на покана на **Државнот завод за ревизија**, присуствуваа на одбележување на 25-годишнината на институцијата.

На 20 декември 2024 година, ИОРРСМ потпиша Меморандум за соработка со **Американскиот Универзитет на Европа - ФОН** од Скопје. На потпишувањето на меморандумот, во просториите на универзитетот, присуствуваа претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, членот на управниот одбор Љубица Јоанидис, како и претставници на стручната служба Калина Велковска и Мартина Галовска. Покрај потпишувањето на меморандумот двете страни дискутираа за соработка која ќе придонесе за размена на искуства, размена на стручна и научна експертиза за потребите на двете страни, заеднички организирани семинари, курсеви, обуки и други форми на доусовршување и слични теми од областа на образованието.







## *2024 година низ фотографии*




IFRS 17 Introduction
What is IFRS 17?
Why is it being introduced?
How does it work?
Why is it important?

## II. Активности на телата на ИОРРСМ

### ➢ Собрание

На 29 март 2024 година, се одржа 33-та седница на Собранието на ИОРРСМ, со физичко присуство во просториите на Економски факултет - Скопје. На седницата беше усвоено следното:

- Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2023 година.
- Одлука за избор на Друштво за ревизија и бизнис консалтинг А & БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје за ревизор на финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2023, 31.12.2024 и 31.12.2025 година.
- Одлука за одобрување на продажба на недвижност – седиште на ИОРРСМ.
- Одлука за одобрување на набавка на недвижност – седиште на ИОРРСМ.

На 27 септември 2024 година, се одржа 34-та седница на Собранието на ИОРРСМ, со физичко присуство во просториите на Економски факултет - Скопје. Присутните членови на ИОРРСМ, со тајно гласање, согласно Статутот на Институтот, избираа членови на органи и комисии заради истечен мандат на дел од постојните членови, како и заменик - претседател на ИОРРСМ заради истечен мандат. Новиот состав на органите и комисиите на ИОРРСМ е објавен на веб страницата на ИОРРСМ во мени Организација.

На 34-та седница на Собранието на ИОРРСМ беа донесени следните:

- Одлука за избор на заменик - претседател на ИОРРСМ.
- Одлуки за разрешување и именување на членови на органите и комисиите на ИОРРСМ.
- Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2023 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2023 година.

### ➢ Надзорен одбор

Во 2024 година, Надзорниот одбор на ИОРРСМ ги разгледа следните:

- Годишната сметка на ИОРРСМ и Даночниот биланс за 2023 година, и други прашања поврзани со сметководствената евиденција и работењето на ИОРРСМ.
- Понуди за ревизија на финансиските извештаи на ИОРРСМ за 2023, 2024 и 2025 година.
- Тримесечните извештаи на Управниот одбор.
- Нацрт извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи на ИОРРСМ за 2023 година.
- Предлог Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2023 година и Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2024 година.

Надзорниот одбор усвои:

- Извештај за работењето на Надзорниот одбор на ИОРРСМ за 2023 година, доставен до Собранието на ИОРРСМ.
- Предлог за избор на ревизор на ИОРРСМ за 2023, 2024 и 2025 година, за одобрување од Собранието на ИОРРСМ.

Надзорниот одбор разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## ➢ Управен одбор

Во 2024 година, Управниот одбор одржа дваесет и една седница на кои што ги усвои/ одобри следните:

- Тримесечни извештаи за работа на ИОРРСМ, доставени до СУНРРСМ и Надзорниот одбор на ИОРРСМ, заради редовно информирање.
- Препорака за зачленување на овластен ревизор во ИОРРСМ и препораки за престанок на членство во ИОРРСМ на овластени ревизори.
- Препораки за зачленување на еден овластен ревизор – трговец поединец во ИОРРСМ.
- Финансиски план на ИОРРСМ за 2024 година.
- Одлука за ажурирање на Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители објавен од IFAC и Меѓународните стандарди за ревизија, контрола на квалитет, проверка и други ангажмани на уверување и поврзани услуги од страна на група преведувачи.
- Предлог Одлука за одобрување на продажба на недвижност - седиште на ИОРРСМ која што ја усвојува Собранието на ИОРРСМ и Предлог Одлука за одобрување на набавка на недвижност - седиште на ИОРРСМ, за доставување до Собранието на ИОРРСМ.
- Предлог Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2023 година, доставен до Собранието на ИОРРСМ за усвојување.
- Одлука за изрекување на дисциплинска мерка - Времено исклучување од членство за период од 18 месеци за овластен ревизор - трговец поединец 'ТП JJ Аудит – Консалтинг Куманово'.
- Одлука за изрекување на дисциплинска мерка трајно исклучување од членство за овластен ревизор Стојанчо Коцев (ОР 181), по напатствија од судска пресуда на Управен суд - Скопје.
- Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2024 година, што се доставува до СУНРРСМ за давање согласност.
- Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2024-2026 година, што се доставува до СУНРРСМ за давање согласност.
- Годишна програма за Континуирано професионално усовршување за 2024 година.
- Предлог во врска со спроведување на бесплатна обука за кандидати за полагање на испитот за стекнување звање ревизор во 2024 година, доставен од Комисијата за образование, обука и публикации.
- Одлука за утврдување на надоместокот за одржано предавање на обука за кандидати за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Ревидиран Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во ИОРРСМ.
- Огласи за вработување на: контролор на квалитет во ИОРРСМ, службеник за административна поддршка на контролата на квалитет и стручно лице за професионална поддршка на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци за прашања од интерес на вршење на дејноста.
- Одлука за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на добивање на уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство бр. 0202-171/03 од 09.05.2018 година и Пречистен текст на Правилникот.

- Одлука за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, Пречистен текст, бр. 0101-260/1 од 23.05.2023 година и Пречистен текст на Тарифникот.
- Одлуки за поведување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРСМ за неисполнување обврска за посета на КПУ часови согласно член 28 од Законот за ревизија.
- Одлуки за изрекување дисциплинска мерка - Јавна опомена, во врска со законска обврска за следење на КПУ за следните овластени ревизори: Борислав Оречовски, Борче Ѓелевски, Валентина Димевска, Владимир Стефановски, Шенаси Бајрами, Душко Дрваров, Лилјана Стојчева.
- Одлука за објавување на Меѓународните стандарди за ревизија, други релевантни објави на IFAC, како и Меѓународниот Кодекс за етика за професионалните сметководители во Службен весник на Република Северна Македонија.
- Ревидираната структура на испитни прашања за предметот Ревизија 2.
- Годишен извештај за наодите на извршените контроли на квалитет согласно Годишниот план за 2023/2024 година, што се доставува до СУНРРСМ за давање согласност.
- Одлука за вработување на лице - контролор на квалитет, за овластен ревизор Марија Божиновски.
- Одлуки за одобрување на мислења за утврдување адекватност/веродостојност на Програма според која кандидатите стекнале квалификација за ревизори во странство, во постапка за признавање на квалификацијата стрекната во странство.
- Одлука за именување на претседатели на комисии на ИОРРСМ.
- Одлука за учество на членови на Управниот одбор во комисиите на ИОРРСМ.
- Одлука за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола.
- Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2025 година. Годишната програма се доставува до СУННРСМ за добивање на согласност.



На 26 и 27 јануари 2024 година, во Хотел Парк, Скопје, Управниот одбор на ИОРРСМ ја одржа 226-та стратешка седница. Седницата беше конципирана како стратешка заради поставување и разработка на стратешки цели за ИОРРСМ на среден и долг рок, а со цел да се пресретнат и адресираат прашања кои што го засегаат ИОРРСМ како институција, неговиот раст и развој, модернизација, прашања кои што се од значење за членовите на ИОРРСМ, ревизорската професија во целост и останати теми за кои што е потребна поопсежна дискусија и размена на концепти и идеи.

Управниот одбор разгледа извештаи од контролата на квалитет, кои што согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија ги достави до СУНРРСМ. Управниот одбор го разгледа Годишниот план за проверки на контрола на квалитетот за 2024/2025 година и го проследи до СУНРРСМ.

Управниот одбор на ИОРРСМ ги разгледа следните документи кои што се доставуваат до СУНРРСМ согласно утврдениот модел за известување и размена на информации и податоци помеѓу ИОРРСМ и СУНРРСМ во однос на спроведување на контрола на квалитетот, како и во однос на преостанатите активности на ИОРРСМ:

- Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2024/2025 година и Термински план, како и последователни ажурирања на терминскиот план.

- Ажурирања на Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2023/2024 година и Termински план.
- кварталните извештаи за спроведување на контроли на квалитет, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за редовно квартално известување,
- информациите од Комисија за контрола на квалитет за друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци кај кои што контролата на квалитет не била извршена во период подолг од 3 години, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за полугодишно известување, и
- други мислења и насоки на Комисијата за контрола на квалитетот.

Ги разгледа Планот за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за 2024 година и Извештаите за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во испитната сесија септември - октомври 2024 година, декември 2024 година и јуни/јули 2024, доставени од страна на Комисијата за спроведување на испитот; Извештајот за спроведување на КПУ во 2023 година, доставен од Комисијата за образование обука и публикации; како и Извештајот за периодична контрола на документацијата за 2023 година, прегледана од Комисијата за регистрација во 2024 година.

Управниот одбор разгледуваше предлози и барања доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, дописи доставени од СУНРРСМ, како и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## ➢ Комисии на ИОРРСМ

### 1. Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледуваше доставени документи во рамките на спроведување на периодична контрола во 2024 година на друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци, согласно *Правилникот за начин и постапка за вршење периодична контрола*, и усвои Извештај за периодична контрола во 2024 година.
- Разгледа доставени барања за зачленување во ИОРРСМ и до Управниот одбор достави Препораки за зачленување на нови овластени ревизори и овластени ревизори – трговци поединци.
- Разгледа доставени барања за престанок на членство во ИОРРСМ и усвои Препораки за престанок на членство во ИОРРСМ за овластени ревизори.
- Разгледа доставени барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство. По спроведена постапка согласно *Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат уверение за ревизор стекнато во странство*, достави предлози до Управниот одбор на ИОРРСМ за издавање уверенија за ревизор за баратели кои квалификацијата за ревизор ја стекнале во странство.
- Усвои предлог за измени и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола за доставување до Управниот одбор.

Комисијата разгледуваше доставени информации за ажурирање на регистрите што ги води ИОРРСМ, и разгледуваше други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### 2. Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги

Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги подготви и усвои:

- Предлог Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2024 година и предлог Тригодишна програма за работа на

Комисијата за периодот 2024 – 2026 година за доставување до Управен одбор за усвојување.

- Квартални извештаи за извршените контроли и Полугодишни извештаи на друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци на кои контрола на квалитет не била извршена во период подолг од три години, како и други известувања, согласно добиените барања од СУНРРСМ.
- Ревидиран термински план на контрола на квалитет за 2023/2024 година.
- Годишен план за контрола на квалитет за 2024/2025 година со термински план и ревидиран годишен план и термински план на контрола на квалитет за 2024/2025 година.
- Предлог Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет согласно Годишниот план за 2023/2024 година.
- Разгледуваше доставени пријави за работно место контролор на квалитет во ИОРРСМ и усвои известувања до Управниот одбор во врска со кандидати кои ги исполнуваат условите и спроведено интервју со истите за натамошно постапување.
- Во рамките на постапката за контрола на квалитет, до друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци се достави барање за доставување на годишни податоци до 15.06.2024 и ажурирани годишни податоци со состојба на 30.09.2024 година, преку пополнување на образец Годишен извештај на активности и образец Прашалник за прелиминарни податоци.

Комисијата и контролорите на квалитет извршуваа активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2023/2024 и 2024/2025 година, и разгледуваа други актуелни прашања поврзани со надлежностите на комисијата согласно Статутот. Од септември 2023 до 20 јануари 2025 година, ИОРРСМ работеше со еден контролор на квалитет.

Од 09.04.2015 година, назначен претставник на СУНРРСМ, учествува во работата на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги на ИОРРСМ, согласно член 8 став (1) точка 6) од Законот за ревизија.

### *3. Дисциплинска комисија*

Дисциплинската комисија врз основа на одлуки на Управниот одбор за поведување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРСМ, спроведува дисциплински постапки согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите, Статутот на ИОРРСМ и Законот за ревизија, односно:

- Спроведе дисциплинска постапка за овластен ревизор – трговец поединец. Врз основа на Заклучок од доказна постапка, Дисциплинската комисија подготви и усвои Препорака до Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ – Времено исклучување од членство за период од 18 месеци, поради повреда на член 32 од Законот за ревизија.
- Спроведе активности во дисциплинска постапка врз основа на Одлука за поведување на дисциплинска постапка на Управниот одбор против овластени ревизори кои не ја исполниле законската обврска да посетуваат обука од најмалку 120 часа за период од три години (2021, 2022 и 2023 година), односно најмалку 30 часа годишно (во 2023 година) во рамките на континуирано професионално усовршување, согласно член 28 од Законот за ревизија.
- Усвои предлози до Управниот одбор за изрекување на дисциплинска мерка – Јавна опомена за овластени ревизори, во врска со законска обврска за следење на КПУ согласно член 28 од Законот за ревизија.
- Усвои Предлог - Циркуларно писмо број 6 - Упатство и напомени за адекватно следење на обврските за Континуирано професионално усовршување (КПУ)

согласно член 28 од Законот за ревизија што се доставува до Управниот одбор на ИОРРСМ за усвојување.

Дисциплинската комисија разгледуваше и други актуелни прашања согласно надлежностите на Комисијата уредени со Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

### *4. Комисија за образование, обука и публикации*

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Ги одобри тримесечните изданија на Билтенот на ИОРРСМ, кој што преку е-пошта се доставува до членовите на ИОРРСМ.
- Подготви и усвои Извештај за спроведување на Континуирано професионално усовршување во 2023 година, доставен до Управниот одбор на ИОРРСМ.
- Подготви предлог Годишна програма за континуирано професионално усовршување (КПУ) за 2024 година, со предлог за начинот/форматот за спроведување. При тоа, беа земени предвид препораките за Комисијата за образование, обука и публикации во Годишниот извештај за проверки на контрола на квалитет за 2022/2023 година, евалуациите на учесниците на настаните за КПУ одржани во 2023 година и други релевантни информации и податоци.
- Спроведе подготвителни активности за настаните согласно Годишната програма за КПУ за 2024 година согласно утврден акциски план на комисијата и разгледуваше прашања поврзани со организирање и спроведување на настаните за КПУ.
- Усвои предлог до Управниот одбор за одржување на бесплатни обуки за кандидати што полагаат испит за стекнување звање ревизор.
- Усвои информација во врска со годишна и тригодишна евиденција за остварени КПУ часови за овластени ревизори за период 2023-2022-2021 година, како и исполнување на обврската за надополнување на КПУ часови за претходни периоди, согласно член 28 од Законот за ревизија за доставување до Управниот одбор на ИОРРСМ.
- Утврди презентации за електронско спроведување на КПУ (8 КПУ часа) за 2024 година, што ќе се спроведе во декември 2024 година.
- Утврди настани за КПУ кои што ќе бидат повторно понудени за следење, како КПУ настани за 2024 година, само за членови на ИОРРСМ кои не биле во можност да учествуваат на настаните при нивното првично спроведување. Настаните ќе бидат понудени во декември 2024 година.
- Разгледуваше доставени документи во врска со барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство и подготви Мислења за утврдување адекватност/веродостојност на програма според која кандидатот стекнал квалификација ревизор во странство.

Комисијата за образование, обука и публикации разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### *5. Комисија за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор*

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор:

- Подготви и усвои План за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за 2024 година, доставен до Управниот одбор на ИОРРСМ и иобјавен веб страницата.
- Разгледуваше доставени барања за полагање на испитот и придружната документација од заинтересираните кандидати по објавен Повик за пријавување на кандидати за полагање на испитот, за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.

- Извршуваше подготвителни активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за испитните сесии јуни/јули 2024 година, септември/октомври 2024 година и декември 2024 година. Меѓудругото, назначи коодинатор и оценувачи за трите испитни сесии посебно, и ги утврди датумите за полагање на испитите.
- Ги утврди резултатите од испитните сесии што се одржаа во декември 2023 година, јуни/јули 2024 година и септември/октомври 2023 година.
- Усвои Извештаи за оценување по барање на кандидати кои го полагаа испитот.
- Подготви и усвои извештаи за спроведувањето на испитот за стекнување на звање ревизор во испитните сесии декември 2023 година, јуни/јули 2024 година и септември/октомври 2023 година, доставени до Управниот одбор на ИОРРСМ.
- Усвои Предлог до Управниот одбор за промена на структурата на испитот за предметот Ревизија 2.
- Усвои Предлог до Управниот одбор во врска со измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.

### *6. Комисијата за стандарди за ревизија*

Комисијата за стандарди за ревизија:

- Го разгледа преводот на Поимникот за ажурирањето на Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика објавени од IFAC, од англиски на македонски јазик. Комисијата констатираше дека преводот е изработен на задоволително и професионално ниво, даде одредени забелешки и мислења, и предложи постапката за ажурирањето на преводот на Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика да продолжи.
- Го разгледа и одобри ажурираниот превод од англиски на македонски јазик на Меѓународниот кодекс на етика за професионалните сметководители (Handbook of the International Code of Ethics for Professional Accountants - издание 2023) објавен од IFAC.
- Го разгледа и одобри ажурираниот превод од англиски на македонски јазик на Меѓународните стандарди за ревизија (Handbook of International Quality Management, Auditing, Review, Other Assurance, and Related Services Pronouncements - издание 2022) објавени од IFAC.
- Подготви предлог текст на преодни одредби во врска со стапување во сила/ примена на МСР и другите стандарди, како и Меѓународниот кодекс на етика во објавата за Службен весник на РСМ, што беше доставен до Управниот одбор за натамошно постапување.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### *7. Комисијата за сметководствени стандарди*

Комисијата за сметководствени стандарди:

- Разгледуваше допис од страна на Комисијата за образование, обука и публикации, за одговор на прашања во врска со новообјавените МСФИ/МСС и подготви известување до Управниот одбор на ИОРРСМ во врска со утврдување насоки за понатамошно постапување.

На 05 март 2024 година, *Проектот за техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во РСМ* организираше тркалезна маса за правната рамка за сметководството на непрофитните организации.

На настанот како претставник од ИОРРСМ присуствуваше овластен ревизор Јасмина Рафајловска, претседател на Комисијата за сметководствени стандарди на ИОРРСМ. Анализата за потребите на Пректот која што беше презентирана на настанот беше изработена и презентирана од страна на овластен ревизор Николаки Миов.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## III. Управни и други судски спорови

Управни спорови

1. На 08.02.2024 година, Управниот Суд Скопје донесе правосилна судска Пресуда со која што тужбата на овластен ревизор Стојанчо Коцев се уважува, се поништува Одлуката за изрекување на дисциплинска мерка - трајно исклучување од членство во ИОРРСМ и предметот се враќа на поторно одлучување во ИОРРСМ. Управниот одбор на ИОРРСМ, согласно напатствијата од пресудата на Управен Суд Скопје, во постапка за повторно одлучување, повторно донесе Одлука за изрекување на дисциплинска мерка – трајно исклучување од членство во ИОРРСМ за овластен ревизор Стојанчо Коцев. Против одлуката незадоволната страна имаше право да поведе управен спор, за што на 25.06.2024 година, овластен ревизор Стојанчо Коцев, поведе управен спор против истата одлука пред Управен суд Скопје.

   На 31.10.2024 година, ИОРРСМ доби првостепена пресуда од Управниот суд – Скопје дека тужбата на тужителот се уважува, оспорената одлука за изрекување на дисциплинска мерка – трајно исклучување од членство во ИОРРСМ се поништува и се одлучува – дисциплинската постапка поведена со Предлог за поведување на дисциплинска постапка против овластениот ревизор Стојанчо Коцев на ИОРРСМ се запира, поради апсолутна застареност на водењето на дисциплинската постапка. На 12.11.2024 година, ИОРРСМ, незадоволен од исходот на пресудата, поднесе жалба на пресуда и предметот е во тек пред Вишиот управен суд Скопје.

2. На 26.03.2024 година, Управниот суд Скопје ја одби тужбата на овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов – Струмица како неоснована и одлучи во полза на ИОРРСМ, во управен спор против одлука за изрекување на дисциплинска мерка – времено исклучување од членство во ИОРРСМ од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ. Незадоволната страна имаше право на жалба, за што на 24.06.2024 година, овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов – Струмица, вложи жалба пред Вишиот управен суд. Постапката по жалба е сеуште во тек.

Граѓански судски спорови

Во 2024 година не се поведени граѓански судски спорови, вклучително и со затворањето на извештајниот период за 2024 година.

## IV. Финансиски информации

Во 2024 година, ИОРРСМ оствари приходи од членарина за овластените ревизори, членарина за друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, спроведување на испитот за стекнување звање ревизор, спроведување на КПУ за овластени ревизори, контрола на квалитет и друго.

Подолу е дадена табела со споредбени информации во однос на Финансискиот план на ИОРРСМ за 2024 година и реализираните приходи и расходи во 2024 година, споредбен податок со 2023 година, учество на приходи/расходи по одделни ставки во вкупните приходи/расходи, и процент на реализирано во однос на планирано за 2024 година.

| | Приходи | Број на лица | Износ по лице | Коментар | Вкупно планирано 2024 | Вкупно реализирано 2024 година | Вкупно реализирано 2023 | Реализирано 2024 во однос на 2023 (отстапување) | Реализирано 2024 во однос на планирано (отстапување) | Учество во вкупни приходи 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | (денари) | | (денари) | (денари) | (денари) | % | % | % |
| 1 | **Приходи** | | | | | | | | | |
| 1.1 | Членарина за овластени ревизори | 200 | 6,000 | | 1,200,000 | 1,182,000 | 1,194,000 | -1.0% | -1.5% | 7% |
| 1.2 | Членарина за друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци | *1% од вкупни приходи во претходната година* | | | 9,500,000 | 9,369,727 | 8,019,676 | 16.8% | -1.4% | 57% |
| 1.3 | Надомест за полагање на испит за стекнување звање ревизор | 120 | 9,200 | *3 сесии по 40 испити* | 1,104,000 | 892,200 | 839,800 | 6.2% | -19.2% | 5% |
| 1.4 | Семинари (обука за алатки, практичен семинар, испит) | | | | 170,000 | 307,500 | 174,500 | 76.2% | 80.9% | 2% |
| 1.5 | Континуирано професионално усовршување | 200 | 15,000 | | 3,000,000 | 3,548,875 | 2,797,391 | 26.9% | 18.3% | 22% |
| 1.6 | Контрола на квалитет | | | | 1,000,000 | 748,350 | 1,440,100 | -48.0% | -25.2% | 5% |
| 1.7 | Стручна литература | | | | 50,000 | 118,400 | 55,200 | 114.5% | 136.8% | 1% |
| 1.8 | Останати приходи | | | | 120,000 | 267,370 | 339,316 | -21.2% | 122.8% | 2% |
| | **Вкупно приходи** | | | | **16,144,000** | **16,434,422** | **14,859,983** | | **1.8%** | **100%** |

| | Расходи | % од приходи | | Коментар | Вкупно планирано 2024 | Вкупно реализирано 2024 година | Вкупно реализирано 2023 | Реализирано 2024 во однос на 2023 (отстапување) | Реализирано 2024 во однос на планирано (отстапување) | Учество во вкупни расходи 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (денари) | (денари) | (денари) | % | % | % |
| 2 | **Расходи** | | | | | | | | | |
| 2.1 | Бруто плати и надоместоци | | | | 7,300,000 | 5,937,359 | 5,542,330 | 7.1% | -18.7% | 38% |
| 2.2 | Расходи за испитот | | | | 818,400 | **511,347** | 775,031 | -34.0% | -37.5% | 3% |
| *2,2,1* | *Расходи за спроведување на испит* | *60.00%* | | *(% од 1.3)* | *662,400* | *458,521* | *261,414* | *75.4%* | *-30.8%* | |
| *2,2,2* | *Расходи за подготвување база на прашања* | | | | *156,000* | *52,826* | *513,617* | *-89.7%* | *-66.1%* | |
| 2.3 | Расходи за семинари | 50.00% | | (% од 1.4) | 85,000 | 213,763 | 88,352 | 141.9% | 151.5% | 1% |
| 2.4 | Расход за контрола на квалитетот | | | | 150,000 | 50,839 | 131,499 | -61.3% | -66.1% | 0% |
| 2.5 | Расход за КПУ | 50.00% | | (% од 1.5) | 1,500,000 | 1,651,961 | 1,331,019 | 24.1% | 10.1% | 11% |
| 2.6 | Стручна литература | | | | 15,000 | 24,072 | 14,302 | 68.3% | 60.5% | 0% |
| 2.7 | Ажурирање на превод на МСР и Кодекс на етика во Службен весник на РСМ | | | | 820,000 | 884,348 | 0 | - | 7.8% | 6% |
| 2,7,1 | Објавување на МСР и Кодекс на етика во Службен весник на РСМ | | | | 1,000,000 | 497,620 | 0 | - | -50.2% | 3% |
| 2.8 | Канцелариски трошоци | | | | 45,000 | 50,653 | 36,033 | 40.6% | 12.6% | 0% |
| 2.9 | Административни трошоци | | | | 200,000 | 218,575 | 135,063 | 61.8% | 9.3% | 1% |
| 2.10 | Телекомуникациски услуги | | | | 40,000 | 31,152 | 41,159 | -24.3% | -22.1% | 0% |
| 2.11 | Одржување на состаноци на телата на ИОРРСМ | | | | 1,019,600 | **1,115,829** | 924,593 | 20.7% | 9.4% | 7% |
| *2,11,1* | *Собрание* | | | | *63,500* | *51,411* | *63,540* | -19.1% | -19.0% | |
| *2,11,2* | *Управен одбор* | | | | *240,000* | *330,672* | *239,999* | 37.8% | 37.8% | |
| *2,11,3* | *Надзорен одбор* | | | | *75,000* | *48,462* | *76,331* | -36.5% | -35.4% | |
| *2,11,4* | *Комисија за сметководствени стандарди* | | | | *9,000* | *8,888* | *0* | - | -1.2% | |
| *2,11,5* | *Комисија за стандарди за ревизија* | | | | *31,100* | *79,995* | *0* | - | 157.2% | |
| *2,11,6* | *Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори* | | | | *84,000* | *68,412* | *84,732* | -19.3% | -18.6% | |
| *2,11,7* | *Комисија за контрола на квалитет* | | | | *88,000* | *51,106* | *88,886* | -42.5% | -41.9% | |
| *2,11,8* | *Комисија за образование, обука и публикации* | | | | *82,000* | *66,660* | *77,770* | -14.3% | -18.7% | |
| *2,11,9* | *Комисија за спроведување на испит* | | | | *180,000* | *155,550* | *180,000* | -13.6% | -13.6% | |
| *2,11,10* | *Дисциполинска комисија* | | | | *37,000* | *88,222* | *8,888* | 892.6% | 138.4% | |
| *2,11,11* | *Други трошоци за состаноци* | | | | *130,000* | *166,451* | *104,447* | 59.4% | 28.0% | |
| 2.12 | Комуналии | | | | 450,000 | 467,845 | 403,855 | 15.8% | 4.0% | 3% |
| 2.13 | Ревизија на годишна сметка | | | | 150,000 | 232,257 | 110,385 | 110.4% | 54.8% | 1% |
| 2.14 | Совет за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ | *15% од вкупни приходи од претходна година* | | | 2,228,997 | 2,228,997 | 1,774,858 | 25.6% | 0.0% | 14% |
| 2.15 | Учество на меѓународни конференции и настани во земјата и странство | | | | 400,000 | 116,234 | 313,942 | -63.0% | -70.9% | 1% |
| 2.16 | Членарина и други трошоци поврзани со членство во IFAC | | | | 286,000 | 285,056 | 288,818 | -1.3% | -0.3% | 2% |
| 2.17 | Зголемување на деловен фонд | | | | 300,000 | 311,364 | - | - | 3.8% | 2% |
| 2.18 | **Вкупно 2.1 - 2.17** | | | | **16,807,997** | **14,829,271** | **11,911,239** | 24.5% | -11.8% | |
| 2.19 | Други и непредвидени трошоци (% од 2.18) | 4.00% | | | 672,320 | 868,415 | 574,362 | 51.2% | 29.2% | 6% |
| | **Вкупни расходи** | | | | **17,480,317** | **15,697,686** | **12,485,601** | 25.7% | **-10.20%** | **100%** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Нето приходи** | | | | **-1,336,317** | **736,736** | **2,374,382** | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **Дополнителни информации:** | | | | | | | | | |
| 3.1 | Пренесени дел на вишокот на приходи од претходните години | | | | 12,382,585 | | 10,023,117 | | | |
| 3.2 | Депозити | | | | 11,000,000 | | 8,000,000 | | | |

## *Позначајни отстапувања помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи за 2024 година*

### 1. Приходи

**1.4. Семинари.** Отстапување од 80,9% се должи на зголемен интерес за учество на настаните за КПУ организирани од ИОРРСМ, од страна на лица кои не се членови на ИОРРСМ.

**1.6. Контрола на квалитет.** Отстапување од -25,2% се должи на неможноста да се предвиди бројот, опфатот и изборот на субјекти за проверка на контрола на квалитет во текот на годината, особено во периодот од септември до декември, бидејќи Годишниот план за контрола на квалитет се носи во месец јули.

**1.7. Стручна литература.** Отстапување од 136,8% се должи на поголем интерес за набавка на материјали за полагање на испитот.

**1.8. Останати приходи.** Отстапување од 122,8% се должи на приходи поврзани со наплатени фактури за контрола на квалитет во судска постапка (законска затезна камата по главен долг и други надоместени процесни трошоци по пресуда).

### 2. Расходи

**2.2. Расходи за испит.** Отстапување од -37,5% се должи на помал број на пријавени/ полагани испити од страна на кнадидатите, а следствено и намалена потреба за подготовка на нови испитни прашања.

**2.3. Расходи за семинари.** Отстапување од 151,5% воглавно се должи на зголемени трошоци заради зголемен интерес за учество на настаните за КПУ организирани од ИОРРСМ, од страна на лица кои не се членови на ИОРРСМ.

**2.4. Расходи за контрола на квалитет.** Отстапување од -66,1% се должи на неможноста да се предвиди бројот и опфатот на проверки за контрола на квалитет во текот на годината. Исто така, поголем дел од контролите на квалитет во 2024 година се спроведуваа во просториите на ИОРРСМ.

**2.6 Стручна литература.** Отстапување од 60,5% се должи на поголем број подготвени материјали, а заради зголемен интерес од страна на кандидатите за набавка на материјали за полагање на испитот.

**2.7.1 Објавување на Кодекс на етика и објавување на МСР.** Отстапување од -50,2% се должи на склучен договор со 'Службен весник на РСМ' за плаќање на две рати, односно втората рата ќе биде платена во април 2025 година. одлагање на активноста за 2024 година.

**2.13. Ревизија на годишна сметка.** Отстапување од 54,8% се должи на незавршена постапка за избор на независен ревизор на финансиските извештаи на ИОРРСМ во моментот на подготовка и усвојување на Финансискиот план за 2024 година.

**2.15. Учество на меѓународни конференции.** Отстапување од -70,9% се должи на учество на настани реализирани преку видео конференции и други он-лајн настани.

**2.19. Други и непредвидени трошоци.** Отстапување од 29,2% се должи на непредвидени процесни трошоци поврзани со активни судски спорови.

## V. Анализа на реализирање на активностите од Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2024 година

| Планирана активност | Статус на реализирана активност |
|---|---|
| 1. Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Реализирано. |
| 2. Изготвување и усвојување на Финансиски план на ИОРРСМ за 2024 година. | Реализирано. |
| 3. Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2023 година. | Реализирано. |
| 4. Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2024 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Реализирано. |
| 5. Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување, практични семинари/работилници од областа на ревизија и сметководство. | Реализирано. |
| 6. Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Реализирано. |
| 7. Донесување на тригодишна и годишна програма на Комисијата за контрола на квалитетот. | Реализирано. |
| 8. Спроведување контрола на квалитетот над членовите на Институтот. | Реализирано. |
| 9. Континуирано усогласување/преведување на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC, како и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Реализирано. ИОРРСМ го одобри преводот на:<br>1. Прирачник за објави за меѓународно управување со квалитет, ревизија, проверка, други ангажмани на уверување и поврзани услуги. (IAASB HB 2022)<br>2. Прирачник наа Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност). |
| 10. Објавување во ‵Службен весник на РСМ‵ на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC, како и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Реализирано. На 30 декември 2024 година, ИОРРСМ го објави во ‵Службен весник на РСМ‵ преводот на македонски јазик на изданијата наведени во точка 9 погоре. |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Следење на примената на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Реализирано. |
| 12. | Промовирање на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Реализирано. |
| 13. | Спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите опоради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРСМ. | Реализирано. |
| 14. | Издавање на Билтен на ИОРРСМ и ажурирање на информациите објавени на веб страницата на ИОРРСМ. | Реализирано. |
| 15. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата. | Реализирано. |
| 16. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Реализирано. |
| 17. | Изготвување и усвојување на Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2025 година. | Реализирано. |
| 18. | Други работи и активности кои ќе произлезат согласно законските надлежности на ИОРРСМ. | Реализирано. |

**Ненад Тортевски**
**Претседател на ИОРРСМ**